Franc Mesesnel 2,
1000 Skopje, Macedonia

T *389 (0)2 322 0093

hello@idevelop.com.mk
contact@idevelop.com.mk

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ КОН РЕЗУЛТАТИТЕ ЗА ПЕРИОД 01-12/2018 ГОДИНА

Согласно измените и дополнувањата на Правилата за котација, Ви го приложуваме ова Образложение кон финансиските резултати за периодот 01-12/2018 година.

А) Промени во сметководствените политики и методи на вреднувањето на ставките во финансиските извештаи споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи не се настанати.

Б) Приходите на Друштвото за периодот 01-12/2018 година се значително зголемени во однос на минатата деловна година за 50 % што се должи пред се’ на зголемување на портфолиото на услуги на иДевелоп АД. Како резултат на ова, зголемени се и проектите со партнерската фирма и еден од најголемите клиенти на иДевелоп, Пауер Ресоурцес Груп (Малта), а остварени се и нови партнерски односи со странски клиенти, како и клиенти од домашниот пазар.

В) Расходите на Друштвото за периодот 01-12/2018 година се одржани скоро на исто минимално неопходно ниво како и во претходната деловна година и со најголемо учество на ставката на амортизација на нематерјалните вложувања-интерно развиен софтвер, како во претходниот период. Зголемувањето на истите е за 7% во однос на минатогодишниот период.

Г) Исплата на дивиденди во периодот 01-12/2018 година не е вршена.

Д) Вложувања во матерјални средства (недвижности, постројки и опрема) нема, но се продолжува со вложувања во развој на интерниот софтвер, главниот продукт на Друштвото, преку капитализација на трошоците за плати на вработените кои директно работат на проектот.

Значителен отпис, поголем од 30% од вредноста на средствата, а споредено со последните годишни финансиски извештаи исто така нема.

Ѓ) Кредитните задолжувања на Друштвото во периодот 01-12/2018 година не забележуваат скоро никакви промени во однос на последните годишни финансиски извештаи.

Е) Исполнување на планот за 2018 година: Плановите за деловната 2018 година се реализирани според очекувањата, успешно завршувајќи многубројни дигитални, креативни и маркетинг проекти за домашни и странски компании. Освен имплементација на блокчеин технологија во синџирот на набавки на еден од најголемите клиенти и партнерска фирма на иДевелоп, оваа групација пристапи кон градење на сопствено решение кое што вклучува не само блокчеин технологија, туку и други карактеристики со аналитика и интеграција на податоци. Со ова решение би се докажало потеклото на сите минерали што производителите на електронска опрема и други

Franc Mesesnel 2,
1000 Skopje, Macedonia

T *389 (0)2 322 0093

hello@idevelop.com.mk
contact@idevelop.com.mk

производители ги користат во своите крајни продукти. иДевелоп во вториот период на 2018 активно работеше на имплементацијата на блокчеин технологијата за тракирање на материјалите на оваа групација, како и на истражувањата за вклопување на сите карактеристики во една сеопфатна платформа.

Очекувања за престојниот период: иДевелоп очекува дека во текот на 2019 година главен фокус ќе биде соработката со Пауер Ресоурцес групацијата. иДевелоп веќе почна со работа на спецификациите на нивната платформа заедно со друг партнер на ПРГ, а во 2019 се очекува дека интеграцијата на блокчеин технологијата за тракирање, во комбинација со другите карактеристики за аналитика и интерграција на податоци, ќе направи револуција во индустријата за преработка на ретки метали. иДевелоп ќе продолжи со интензивна работа на овој проект, што вклучува и стратегија за влез на пазарот и лансирање на апикацијата. Исто така, иДевелоп ќе продолжи со нудење на постоечкото портфолио на услуги на домашниот и странски пазари. Таргетот на иДевелоп беа мали и средни претпријатија, па во 2019 година се очекува ова да се прошири кон таргетирање и на поголеми компнии кои имаат потреба од истиве услуги.

Акционерско друштво иДЕВЕЛОП АД СКОПЈЕ